Свето Стаменов
Вера Стојчевска - Антиќ

# ОД КЛИМЕНТА ДО БЛАЖЕТА

Скопје
2022

# СОДРЖИНА

⇨Неколку реченици како вовед ..................................... 9
⇨Големиот учител свети Климент Охридски................. 15
⇨Дмитриј Оболенски за богомилството и за свети Климент Охридски............................................................... 29
⇨За претходниците на Крсте Петков Мисирков............. 42
⇨Конески – мојот професор пророк .............................. 58
⇨Блаже Конески и македонската книжевна историја.......77
⇨Книга која го стави македонскиот литературен јазик на светската јазична мапа ................................................ 91
⇨За македонско – грчките научни и културни врски ..... 95
⇨Прличев и неговиот XIX век ...................................... 107
⇨Професорот за мене сé уште е жив .......................... 119
⇨Мисирков и Конески–нашите македонски меѓници..143
⇨Охрид како мој предизвик ......................................... 161
⇨Уште едно навраќање кон Климента ......................... 178

*2. Македонистичките разговори на Вера Стојчевска - Антиќ со...*

⇨Нуло Миниси...................................................... 195
⇨Олга Панкина .................................................... 217

➪Јан Соколовски ............................................. 224
➪Волф Ошлис .................................................. 228
➪Лех Мјодински ................................................ 232

*3. Поглед врз една плодна соработка*

➪проф. д–р Вера Стојчевска – Антиќ: Свети Климент Охридски и македонскиот културен контекст .................. 237
➪Максим Димитриевски: Траен белег на македонското опстојување ................................................................ 244
➪проф. д–р Људмил Спасов: Навраќање кон Конески. 247
➪Милчо Јованоски: Промоција на *Навраќање кон Конески* ........................................................................ 253
➪Сузана Николиќ: Промовиран Зборникот *Навраќање кон Конески* од Свето Стаменов и Вера Стојчевска – Антиќ........................................................................ 259
➪Костадин Костадинов: Голема чест и привилегија ..... 262
➪д–р Ана Витанова Рингачева: Реч на уредникот ....... 266
➪проф. д–р Људмил Спасов: Кон Уште едно навраќање кон Конески ................................................................ 269
➪проф. д–р Димитар Пандев: Навраќања на мислата – навраќања во зборот .................................................... 276
➪Милчо Јованоски: Вечерва во Струмица промоција на Зборникот *Уште едно навраќање кон Конески* ............. 280
➪Костадин Костадинов: Блаже Конески е нашата татковина ........................................................................ 287
➪проф. д–р Димитар Пандев: Зборовите на Конески се и наши зборови ............................................................. 290
➪проф. д–р Вера Стојчевска – Антиќ: Резимирано енциклопедиско издание за животниот и творечкиот подвиг на Крсте Петков Мисирков ........................................... 297

⇨проф. д–р Вера Стојчевска – Антиќ: Своевиден тестамент за едно огромно тестаментално наследство ........ 303

*4. За Од Климента до Блажета*

⇨проф. д–р Васил Тоциновски: За македонската средновековна книжевност и македонистиката .................. 311
⇨проф. д–р Катерина Петровска – Кузманова: Значаен придонес на македонската културна и научна сцена ... 316
⇨проф. д–р Цане Т. Мојаноски: Сведоштво за меѓниците на историскиот духовен и литературен мост на културата и јазикот ......................................................................... 320
⇨д–р Ана Витанова – Рингачева: Векови – мостови ... 340
⇨проф. д–р Димитар Пандев: Интимно на научни теми.346

**д-р Ана ВИТАНОВА - РИНГАЧЕВА**

## ВЕКОВИ - МОСТОВИ

*Кон книгата Од Климента до Блажета, 2022, Свето Стаменов и Вера Стојчевска - Антиќ*

Македонскиот јазик е нераскинлив дел од културната меморија на светот. Минувајќи низ тешки историски трауми и искуства, Македонецот секогаш и секаде со себе го носел и чувал својот македонски јазик, како највредното наследство од татковиот дом. Премолчуван, оспоруван, стихијно носен на ветрометините на народната традиција, без институционална поддршка, сведен на дијалект, анализиран како вештачки конструкт, македонскиот јазик преживеал, за денес, во цивилизираниот XXI век повторно да се соочува со рецидивите од минатото. Нашиот јазик ги градел најцврстите мостови со кои македонскиот народ премостувал векови и епохи. Носејќи ја во себе единствената особина на својата онтолошка сушност, јазикот бил и останал најцврстиот камен од кој се изградени македонската историја, книжевност, култура, уметност. Македонската стварност денес бара аргумент плус во докажувањето на небулозните тези наметнати однадвор, тези што се косат со современите принципи на почит кон јазичната и културна другост. Токму во таа насока македонската интелектуална сила вложува дополнителни напори за докажување на единствената вистина, дека постои

македонски народ кој зборува македонски јазик и дека тој народ и тој јазик му припаѓаат на светот еднакво како и сите останати народи и јазици. И за да бидеме сфатени, мораме да ја впрегнеме целата расположлива научна сила, која е многубројна.

Книгата со забележителен наслов *Од Климента до Блажета*, приредена од еден од најплодните македонски публицисти, Свето Стаменов, долгогодишен новинар на Македонското радио и политиколог, претставува синтеза на дванаесет реализирани интервјуа со професорката Вера Стојчевска - Антиќ. Имено, Стојчевска - Антиќ важи за еден од најдобрите познавачи на македонската книжевно - јазична традиција и научник кој имал можност да биде во најнепосреден контакт со најголемите имиња на македонската и светската лингвистика. Жив сведок на ликот и делото на Блаже Конески и негов близок соработник, професорката Стојчевска - Антиќ ќе ги даде најзначајните прилози во современата македонска книжевна теорија и историја. Знаејќи го профилот на професорката, Стаменов на брановите на Македонското радио - Радио Скопје реализира плодни разговори на теми од средновековната книжевност, теми за ликот и делото на македонските просветители и преродбеници, за големото дело на Крсте Петков Мисирков и, секако, разговори за стожерот на македонската национална мисла, Блаже Конески. Професорката е извонреден познавач на делото на светите браќа Кирил и Методиј, на нивните ученици, особено делото на свети Климент Охридски, дело што ги надминува националните рамки и станува дело од универзално значење за словенските народи. Деветтиот век, време на најголемиот јазичен и културолошки пресврт за словенските народи е почетната точка кога врз темелите на јазикот што го говоре-

ле Македонците во околината на градот Солун, ќе започне да тече новата ера на покрстување на нашите предци - пагани, во христијани. Ова само потврдува дека не постои култура во светот што се родила од ништо, туку дека секоја културна средина неминовно созревала во рамки на една длабока традиција, со свој континуитет во времето. Делото на браќата Кирил и Методиј, светците - патрони на Европа, дарбата на свети Кирил со беседништво да издејствува признавање на стариот словенски јазик како рамноправен со останатите три, мисијата на нивните надарени и пожртвувани ученици, ширењето на глаголската традиција под менторство на Климент, се само дел од значајните историски збиднувања што се исцртани на картата на еволуцијата на јазичните култури на Балканот, а меѓу сите нив и на македонската. Кога фрламе поглед назад во времето, враќајќи се во древниот Охрид, замислувајќи го светецот Климент како во Охридската книжевна школа ги поучува своите ученици, сфаќаме дека историското време е чувар на најголемите вистини за тоа, каде и кога се родил јазикот наш македонски, наша сушност и дом. Токму за овие вистини се говори во разговорите меѓу опитниот Свето Стаменов и професорката - ерудит, Вера Стојчевска - Антиќ.

Одбележувањето на значајни јубилеи и годишнини како: 1.110 години од упокојувањето на свети Климент Охридски, 90-годишнината од смртта на Крсте Мисирков, 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески, се само дел од официјалните поводи за разговор на Стаменов со професорката Вера Стојчевска - Антиќ, како човек од струката и голем познавач на состојбите. Нејзината книга посветена на Конески со наслов *Мојот професор пророк*, фрли нова светлина врз ликот на големиот визионер и човекот кој про-

рочки ја предвиде и исцрта патеката по која тргна да оди Македонецот на патот до градењето и потврдувањето на својот национален идентитет. Делото на овие великани има космополитски, хуманистички и воопшто универзални вредности, бидејќи стои високо над сите индивидуални и колективни достигнувања на Македонците. Ваквото дело е вистинска афирмација на тешко постигнатите вредности по кои трагал и ги достигнал Македонецот, но со сé уште недоволно осознаена суштина, дека истите треба да се сочуваат и да се пренесат на идните генерации.

Извонредно значајни се разговорите што професорката ги водела со едни од најголемите странски лингвисти - проучувачи на македонскиот јазик: Нуло Миниси, Волф Ошлис, Олга Панкина, Јан Соколовски, Лех Мјодински. Токму во вториот дел од книгата насловен *Македонистичките разговори на Вера Стојчевска - Антиќ со...* се поместени овие значајни разговори. Конески гласно говореше дека, како фела, мораме да ги предизвикаме странските лингвисти да се заинтересираат да го проучуваат македонскиот јазик, како би му предочиле на светот дека сме рамноправни со сите други. Еднаш веќе рековме дека Блаже Конески е нашата културна и идентитетска парадигма и дека неговото дело нé дефинира како народ со своја длабока и богата традиција, народ чија културна меморија сé уште живо емитува пораки чие дешифрирање нé упатува по патеката на нашето индивидуално и колективно спознавање. Сфаќајќи ја сериозно таа негова порака, професорката целосно се зазема за идејата, размислите на големите лингвисти да ги доближи до македонската научна фела. За време на семинарите за македонски јазик, но и за време на патувањата на големите лингвистички конгреси што се одржуваат на различни места во све-

тот, професорката Стојчевска - Антиќ остварува значајни средби на кои преку добро осмислени прашања, ги предизвикува светските лингвисти да проговорат за нивните ставови за јазикот и воопшто за македонската култура. Таа со нив води многу плодни разговори во кои се откриваат нивните погледи за значењето на македонскиот јазик, неговата посебност, но и богатството што го поседува. Преку личните искуства што ги носат од местата од каде доаѓаат и каде работат, странските лингвисти претставуваат најголемите амбасадори на македонската култура.

Третиот дел од книгата насловен *Поглед врз една плодна соработка* претставува пресек на долгогодишната соработка на Свето Стаменов и професорката Стојчевска - Антиќ. Имено, тие двајца во 2021 - Годината на Блаже Конески, заеднички приредија две многу значајни книги, двата зборника *Навраќање на Конески* и *Уште едно навраќање на Конески*. Овие две големи изданија ќе останат во македонската публицистика како дела во кои на едно место е собрана научната мисла за делото на Конески, кажана од негови современици, ученици, но и млади истражувачи, кои се обидуваат на свој начин да го прочитаат неговото дело.

Испреплетувањето на традицијата и современоста, на она вчера и ова денес, значи вешто да се плете силно јаже со цврсти јазли. Од времето на Климент до времето на Блаже се простира една долга низа на настани и случувања кои го пробивале и граделе патот на македонскиот културноисториски идентитет. Етничката самобитност Македонцот ја потврдува токму во делата што во наследство му ги оставиле оние кои во мигови на историско разгибје, се нашле токму овде, на Балканот, на македонско тло. Денес кога живееме во сопствена независна држава, сон на многу дејци од маке-

донската книжевно - јазична историја, постојано се навраќаме на делото на оние кои визионерски гледаа кон иднината. Денес кога политичките влијанија агресивно навлегоа во сите пори на општественото и културно живеење, повеќе од неопходни ни се навраќањата кон делото на грамадните дејци. Своето индивидуално чувство на припадност, Македонецот денес го храни и крепи на помислата за пожртвуваната мисија на претходниците, на оние кои во колективната меморија имаат почесно место. Книгата *Од Климента до Блажета* на авторите Свето Стаменов и Вера Стојчевска - Антиќ е уште еден сведок за предаденоста на македонските интелектуалци, да се истражува и пишува за делото на оние кои му дадоа смисла на нашето постоење како народ. Повеќе од десет века Климентовото дело нé осветлува и просветлува и во миговите на духовна глад, наша е храна и засолниште. Ваквите дела се само потврда, дека во моменти на неопходна будност, нашите современи дејци стануваат чувари на богатството оставено од предците, аманет, но и долг.

Струмица, 3 септември 2022 година

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3(047.53)
811.163.3(047.53)

СТАМЕНОВ, Свето
Од Климента до Блажета / Свето Стаменов и Вера Стојчевска Антиќ. –Скопје : С. Стаменов, 2022. – 350 стр. ; 24 см

ISBN 978-608-66826-2-0

1. Стојчевска Антиќ, Вера [автор]
а) Македонска книжевност –– Интервјуа б) Македонски јазик –– Интервјуа

COBISS.MK-ID 58355973

**Свето Стаменов - Вера Стојчевска - Антиќ**
**ОД КЛИМЕНТА ДО БЛАЖЕТА**

*

*Рецензенти:*
проф. д–р Васил Тоциновски
проф. д–р Катерина Петровска – Кузманова
проф. д–р Цане Т. Мојаноски
д–р Ана Витанова – Рингачева
проф. д–р Димитар Пандев

*

*Лектура:*
проф. д–р Вера Стојчевска – Антиќ

*

*Компјутерска подготовка:*
Свето Стаменов

*

*Насловна страница:*
Ристе Шурбевски

*

*Печати:*
Студентски сервис
Скопје